Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен управен инспекторат
Inspektorati Shtetëror Administrativ

Бр. - Nr 04-480/14
25.11.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Архивски број 04-480/14
Дата 25.11.2022г.

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и бр.99/2022), директорот на Државниот управен инспекторат донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.1/2022**

1.По спроведената постапка за унапредување во Државниот управен инспекторат по интерниот оглас за унапредување на административен службеник бр.1/2022 објавен на ден 08.11.2022 година, на веб страната на Државниоит управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

-За работното место ИНС 01 01 Б01 001 Генерален инспектор за инспекциски надзор, Сектор за вршење на инспекцикси надзор Запад, **се избира кандидатот Елена Кареска;**

2.Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение Бр.04-480/9 од 18.11.2022 година.

3.Во рок од пет дена по конечноста на одлуката, директорот на Државниот управен инспекторат ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државниот управен инспекторат, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-8206/2 од 06.10.2022 година, од Министерството за финансии објави интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник бр.1/2022 на ден 08.11.2022 година на веб страната на Државниот управен инспекторат и веб страната на Агенција за администрација

На објавениот интерен оглас бр.1/2022 за унапредување на 1 (еден) административен службеник на работното место:Генерален инспектор за инспекциски надзор, Сектор за вршење на инспекциски надзор Запад–1 извршител, се пријавил само 1 кандидат.

На ден 24.11.2022 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-480/9 од 18.11.2022 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставената пријава и приложените докази на единствено пријавениот кандидат и изготви Записник од административна селекција за интерен


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

оглас бр.1/2022 Бр.04-480/10 од 24.11.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 25.11.2022 година, директорот на Државниот управен инспекторат спроведе интервју со кандидатот за што до Комисијата за селекција за унапредување достави Извештај врз основа на кој Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју состави записник Бр.04-480/12 од 25.11.2022 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до директорот на Државниот управен инспекторат достави Записник од административна селекција Бр.04-480/10 од 24.11.2022 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-480/12 од 25.11.2022 година со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно член 52 став 6 од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник.

Врз основа на наведеното, директорот на Државниот управен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

Директор,
Кети Василеска

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев " бр. 5,кат 1
Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk